# МОЈОТ ДАНОК, ЗА МОЈАТА ОПШТИНА!

До подобри општини, со навремено подмирување данок на имот




USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

## ДАЛИ ИМАТЕ ИМОТ И ДАЛИ ИМАТЕ ДАНОЧНО РЕШЕНИЕ ЗА ИМОТОТ?

Како даночни обврзници за данок на имот се појавуваат физички и правни лица кои поседуваат имот во конкретна општина, која има законска обврска да изготви и да издаде детално даночно решение за данок на имот.

Доколку поседувате имот во одредена општина, тогаш автоматски сте даночни обврзници со законско право на даночно решение за вашиот имот, но, и законска обврска и лична должност е навремено да го подмирувате данокот.

## КАКО ВАШИОТ ДАНОК НА ИМОТ ПРИДОНЕСУВА ЗА РАСТ НА ВАШАТА ОПШТИНА?

Со редовното и навременото подмирување на данокот, секој од нас придонесува за општината постојано да расте, да се развива и да се модернизира.

Кога навремено го подмируваме данокот на имот, средствата од даноците го полнат општинскиот буџет со кој се реализираат сите планирани јавни и инфраструктурни проекти. Едноставно кажано, секој од нас лично придонесува за развојот на општината, која во иднина ќе ја красат:

- нови градинки
- нови игралишта
- нови улици
- ново осветлување
- нови училишта
- нови паркови
- еколошки проекти за користење обновливи извори на енергија
- проекти за индустриски развој

Даноците на имот придонесуваат општината да оди напред, постојано да расте и да се развива, а тоа понатаму значи поубава и посигурна иднина со можности за поквалитетен живот за нас и за идните генерации.

Најважно од сè е да бидете навремено и прецизно информирани за сите ваши права и обврски, како и правата и обврските на општината поврзани со вашиот данок на имот.

## ДАЛИ ЗНАЕТЕ ДЕКА...

- даночната стапка на данокот на имот е пропорционална и изнесува од 0.1 до 0.2 % од пазарната вредност на недвижниот имот?
- данокот на имот, односно даночното решение се изготвува и издава во истата година кога треба и да се подмири?
- даночното решение содржи детална пресметка за вашиот данок на имот?
- даночното решение секогаш гласи на еден даночен обврзник (односно на едно физичко или правно лице) за цел имот?
- доколку имотот е во сопственост на повеќе лица, секој од нив е обврзник на данок на имот, сразмерно на сопственичкиот дел?
- обврзник на данокот на имот е правно и физичко лице кое е корисник на имот во случај сопственикот да не е познат или едноставно не е достапен?
- обврзник на данок на имот може да биде и плодоуживателот на имотот во согласност со законот?
- данокот на имот можете да го подмирите квартално во текот на истата година кога е издадено решението?

## КАКО ДА СЕ ОСИГУРАТЕ ДЕКА ВАШИОТ ДАНОК НА ИМОТ Е НАВРЕМЕНО ПОДМИРЕН?

**Еве неколку совети и факти кои ќе ви помогнат да бидете сигурни дека сè е во ред со вашето даночно решение и дека навремено сте го подмириле данокот на имот!**

- Проверете дали општините во кои поседувате имот имаат изготвено и доставено даночно решение за вашиот имот.
- Проверете ги вашите лични податоци, како, на пример, вашата адреса на која пристигнуваат даночните решенија и доколку има промени на податоците, известете ја општинската администрација.
- Проверете ја точноста на вашите лични податоци и деталната пресметка во вашето даночно решение.
- Доколку забележите дека не добивате даночно решение, обратете се кај општинската администрација, за да избегнете понатамошни законски реперкусии.




**Оваа информативна брошура е подготвена од Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Содржината на брошурата не ги изразува ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски Држави.**